# ШТО Е ШТЕДЕЊЕ?



# ШТО Е ШТЕДЕЊЕ?

Штедење е кога нема да
ги потрошиме сите пари
што ги добиваме.

Можеме да ги чуваме во банка,
а можеме да ставиме и по
некоја паричка во касичка
и тоа значи дека штедиме.



# ЗОШТО ТРЕБА ДА СЕ ШТЕДИ?

Ако секој ден штедиме по
малку пари, по одредено
време ќе собереме доволно
пари да купиме нешто што сега
не можеме да го купиме
бидејќи немаме доволно пари.





# КАКО И КАДЕ СЕ ШТЕДИ?

Парите може да се чуваат во касичка, но посигурно е да се чуваат во банка.

Банката му отвора штедна книшка на секој што штеди, а во неа се запишува колку пари има штедачот.

Банката е најдоброто место за чување на парите, затоа што таму парите се безбедни и затоа што од ден на ден ги има сè повеќе и повеќе.

Кога се штеди во банка, парите на штедната книшка со текот на времето се зголемуваат. Банката, на тој начин, му се заблагодарува на штедачот што тој ѝ ги доверил своите пари на чување, а наградата, односно парите што се додаваат во штедната книшка се нарекуваат камата.



## КАКВО ШТЕДЕЊЕ ПОСТОИ?

Постојат повеќе видови штедење.

Во зависност од рокот:
**- орочено штедење** -
кога парите ги ставаме во банка да се чуваат на одредено време; и

- **неорочено штедење** -
кога парите може да ги подигнеме во секое време, но во тој случај, за разлика од ороченото штедење, каматата е помала.

Во зависност од тоа во која валута се штеди, постои:

- **денарско** и
- **девизно** штедење.



Каматата на денарското штедење е поголема.

## КОГА ДА ПОЧНАМ ДА ШТЕДАМ?

Би било добро да се штеди уште од детството за да можеме во иднина да купиме, односно да добиеме некои работи за кои сега мечтаеме или ги посакуваме.

# ОД ТОЧКА ДО ТОЧКА - ПОГОДИ ШТО Е!

Спој ги точките од 1 до 68. Обој ја сликата.
Ќе добиеш цртеж на...



Според тебе тоа е (заокружи):

а) денар б) паричник в) касичка



## ШТО НАУЧИВМЕ? Прашања за штедењето:

**1.Што даваме да се чува во банка? П _ _ _**

**2.Кое е најдоброто место за чување на нашите пари?**
**Б _ _ _ _**

**3.Кога не ги трошиме сите пари коишто ги добиваме, туку ги собираме и ги чуваме во касичка или ги вложуваме во банка, тоа се нарекува Ш _ _ _ _ _ _**

**4.Што ни отвора банката за вложените пари?**
**Ш _ _ _ _ _ К _ _ _ _ _**

**5.Што добиваме за парите вложени во банка? К _ _ _ _ _**

**6.Кога е најдобро да почнеме да штедиме?**
**КОЛКУ ПОБРЗО ТОЛКУ ПОДОБРО!**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Народна банка на Република Македонија
бул. Кузман Јосифовски - Питу бр. 1
1000 Скопје • Република Македонија
тел. 02/3108 108 • www.nbrm.mk